# Известување

Новости | 18.3.2020

Заклучоци на Владата на Република Северна Македонија во врска со спроведување на доплнителни мерки и активности за превенција од ширење на болеста Ковид-19

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**УПРАВЕН СУД**
**Су-03.бр.0302-111/20-1**
**17.03.2020 година**
**С к о п ј е**

# И З В Е С Т У В А Њ Е

Почитувани,

Согласно Заклучоците на Владата на Република Северна Македонија во врска со спроведување на дополнителни мерки и активности за превенсија од ширење на болеста КОВИД-19 (корона вирус), препораките од Министерството за здравство, барањети за воведување на мерки на претпазливост и заштита од корона вирусот во правосудниот систем од Адвокатската комора на Република Северна Македонија под број 03-281 од 15.03.2020 година, како и Одлуката за постапување на судовите во Република Северна Македонија во услови на зголемена опасност од вирусот КОВИД-19 донесена од Судскиот совет на Република Северна Македонија под број 02-606/1 од 17.03.2020 година, Управен суд, ВЕ ИЗВЕСТУВА дека, сметано од 17.03.2020 година до следното известување, СЕ ОДЛОЖУВААТ сите судења кои се одржуваат на нејавна седница или јавна седница, со исклучок на судењата кои се по предмети од итен карактер (времени мерки), предмети кои по сила на закон се итни, предмети по кои постои опасност од повреда на принципот на судења во разумен рок.

Со оглед на наведеното, нема да биде дозволен влез на неслужбени лица во просториите на Управен суд, освен лицата по претходна најава, поради присуство во судот во врска со означениот вид на предемет од итна природа како и прием на поднесоци со законски преклузивни рокови.

Контролата и легитимирањето на лицата на влезот во Управен суд ќе ја вршат припадниците на судската полиција вработени во судот согласно правилата на службата, кои по извршената безбедносна проверка ќе ги упатуваат лицата во соодветните простории на судот.

Се укажува, лицата за кои не е неопходно да не доаѓаат без оправдана причина во судот и сите информации поврзани со предметите и постапката по истите, странките може да ја остварат преку телефонските броеви објавени на веб-порталот на Управен суд, во делот „контакт информации"-„за судот", по пошта или по електронски пат на e-mail: upravensud@usskopje.mk

Управен суд укажува дека напред наведените мерки се неопходни за заштита на здравјето и животот на граѓаните во околности кога заштитата, почитувањето и унапредувањето на човековите права и основни слободи претставува една од целите и функциите на судскат власт, а имајќи ги во предвид обемот на надлежност и работа на Управен суд за територија на целата држава, како и големиот број на судски предмети што доведува до зголемена фрекфенција на луѓето во судот.

Со почит,

**ПРЕТСЕДАТЕЛ УПРАВЕН СУД**
**KRYETAR I GJYKATËS ADMINISTRATIVE**
**m-r Burim Sejdini**